Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), а во врска со член 200 став (3) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 14/20), министерката за одбрана донесе

# П Р А В И Л Н И К

## за изменување на Правилникот за утврдување на висината на надоместоците на воениот и цивилниот персонал кој учествува во мировни или хуманитарни операции надвор од територијата на Републиката

### Член 1

Во Правилникот за утврдување на висината на надоместоците на воениот и цивилниот персонал кој учествува во мировни или хуманитарни операции надвор од територијата на Републиката Бр. 01-4849/1 од 16.08.2019 година, насловот се менува и гласи: „Правилник за утврдување на висината на надоместоците на воениот и цивилниот персонал кој учествува во хуманитарни операции, меѓународни операции, во НАТО мисии и операции и операции во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност “.

### Член 2

Членот 1, се менува и гласи:

„Со овој правилник се пропишува висината на надоместоците на воениот и цивилниот персонал кој учествува во хуманитарни операции, меѓународни операции, во НАТО мисии и операции и операции во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност (во натамошниот текст: надоместоците).

Како учесници во хуманитарни операции, меѓународни операции, во НАТО мисии и операции и операции во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност, се смета и активен воен и цивилен персонал кој се упатува заради примопредавање на должност за смена на контингентите и контрола и во случаи на вонреден настан за време на вршење на тие должности (во натамошниот текст: во мисии и операции од членот 1 став 1 од овој правилник).“

Член 3

Во членот 2 став 1, во членот 3 ставови 2 и 4, во членот 6 став 1, во членот 9 став 1 и во членот 10, зборовите „во мировни или хуманитарни операции", се заменуваат со зборовите „во мисиите и операциите од членот 1 став 1 од овој правилник ".

Член 4

Во членот 4 став 1, во членот 7 став 1 и во членот 11, зборовите „ во хуманитарни или мировни операции", се заменуваат со зборовите „во мисиите и операциите од членот 1 став 1 од овој правилник".

Член 5

Во членот 2 став 2 и во членот 3 став 1 зборовите „мировната или хуманитарна операција", се заменуваат со зборовите „во мисијата и операцијата од членот 1 став 1 од овој правилник ".

Член 6

Во членот 7 став 2, зборовите „мировната или хуманитарната операција", се заменуваат со зборовите „во мисијата и операцијата од членот 1 став 1 од овој правилник ".

Член 7

Во членот 9 став 2 и во членот 12 ставови 2 и 3, зборовите „мировна или хуманитарна операција", се заменуваат со зборовите „во мисија и операција од членот 1 став 1 од овој правилник ".

Член 8

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 01-4555/1
22-10-2020 2020 година
Скопје

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Радмила Шекеринска-Јанковска